Цел на измените и дополнувањата на студиската програма од вториот циклус студии на Институтот за физика при Природно-математичкиот факултет е да се овозможи поголема изборност на предметите, во согласност со потребите и идниот професионалниот ангажман на студентите. Истовремено, воведувањето на нови, современи предмети ќе овозможи поголема конкурентност на Институтот на полето на науката и наставата и особено поголема конкурентност на кадрите кои ќе произлезат од него на пазарот на трудот. Измените и дополнувањата на изборните предмети е во насока и на следење на современите трендови во физичките науки и едукација.

Магистерот по Физички науки- сончева енергија ќе биде оспособен за:

- мерења на фотометриски карактеристики на сончевото зрачење во индустриски и домашни услови.
- мерења на оптички карактеристики на материјалите,
- мерења на електричната спроводливост на материјалите,
- мерења на фотоелектричните карактеристики на материјалите,
- калибрација на инструментите кои служат за мерења на: фотометриски, оптички, електрични и фотоелектрични карактеристики,
- дизајнирање и утврдување на точноста на инструментите,
- проценка и инсталирање на рамни колектори за топла вода, во индустријата, јавните установи и домови

- проценка и инсталирање на сончеви фотоволтаични колектори за електрична енергија, во индустријата, јавните установи и домови
- работа во научно-истражувачки центри
- работа во научно-истражувачки лаборатории кои вршат истражувања на материјали и уреди за конверзија на сончевата енергија
- работа во научно-истражувачки лаборатории кои вршат истражувања на процесесите и механизмите за конверзија на сончевата енергија
- подготовка и учество во изработка на домашни и меѓународни проекти од областа на сончевата енергија
- работа во мали и средни претпријатија за трговија и продажба на уреди за конвезија на сончевата енергија
- работа во мали и средни претпријатија за производство на материјали и уреди за конвезија на сончевата енергија
- работа во мали и средни претпријатија за трговија и продажба на уреди за осветлување

## 8. Години и семестри на траење на студиската програма

Студенската програма на вториот циклус студии по физика е во траење од **1 година**, односно **2 семестри**.

## 9. ЕКТС кредити со кои се стекнува студентот

Студентите кои ќе ги завршат овие студии освојуваат **60 кредити**.

## 10. Начин на финансирање

Кандидатите се запишуваат на студиите како студенти **со кофинансирање од 750 евра по семестар, во денарска противвредност.**

## 11. Услови за запишување

Условите и критериумите за запишување на студентите на студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ се дефинирани со актите на Универзитетот во согласност со законските прописи и препораките на Министерството за образование и наука.

11.1 Сончева енергија

Право на запишување на вториот циклус студии по сончева енергија имаат кандидати со завршен прв циклус студии на Природно-математички факултет:
- физика-сите насоки и
- двопредметни студии, каде што еден од модулите е физика: математика-физика, физика-хемија, физика-биологија, физика-информатика.

## 12. Информација за продолжување на образованието

Студентите кои ќе завршат која било студиска програма од вториот циклус студии по физика можат да го продолжат студирањето на веќе акредитираните студии од трет циклус студии од физика. Исто така, тие можат да се запишат на други студии од трет циклус на некој од сродните факултети при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ и другите приватни и државни високообразовни институции во Република Македонија или во странство.

## 13. Утврден соодносмеѓу задолжителните и изборните предмети, со листа на задолжителни предмети, листа на изборни предмети и дефиниран начин на избор на предметите

Вкупниот број предмети на секоја студиска програма е 5. Согласно Законот за високото образование, тие се распределени на следниов начин:

- Задолжителни предмети: 3 со 18 ЕКТС,
- Изборни предмети: 2 со 12 ЕКТС (20 % од вкупниот број кредити на студиската програма)

### 13.1 Сончева енергија

13.1.1 Листа на задолжителни предмети

| **1. семестар** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Код | Предмет | П | А | Л | Кредити |
| 2Ф44-21 | Сончево зрачење | 3 | 1 | 2 | 6 |
| 2Ф45-21 | Фототермички и фотоелектрични својства на материјалите | 3 | 1 | 2 | 6 |
| 2Ф46-21 | Фотоволтаична конверзија | 3 | 1 | 2 | 6 |
| | Изборен предмет | 3 | 1 | 2 | 6 |
| | Изборен предмет | 3 | 1 | 2 | 6 |
| | Вкупно задолжителни | | | | 18 |
| | Вкупно изборни | | | | 12 |
| | Вкупно | | | | 30 |

Во вториот семестар студентите изработуваат и бранат магистерска работа, која е вреднувана со 30 кредити.

13.1.2 Листа на изборни предмети

| Код | Наслов на предметот |
|---|---|
| 2Ф47-21 | Рамни и концентрирачки колектори |
| 2Ф48-21 | Транспарентни спроводливи и фотоспроводливи филмови за фотоволтаици |
| 2Ф49-21 | Импедансна спектроскопија |
| 2Ф11-21 | Оптички и фотоелектрични својства на тврдите тела |
| 2Ф09-21 | Физика на полуспроводнички уреди |
| 2Ф13-21 | Зонска теорија |

13.1.3 Начин на избор на предмети

При изборот на предметите, студентот мора да се држи до законската обврска, најмалку 10 % од изборните предмети да бидат од единицата на Универзитетот, односно од Природно-математичкиот факултет.

## 14. Податоци за просторот предвиден за реализација на студиската програма

Институтот за физика, својата наставна, научна и апликативна активност ја изведува во просториите на зградата на Природно-математичкиот факултет.

Институтот располага со:

1. Еден голем амфитеатар со 190 места
2. Еден мал амфитеатар со 45 места
3. Три училници со вкупно 94 места
4. Една компјутерска лабораторија со 13 работни места
5. 17 лаборатории со вкупноо 218 места
6. Библиотека со читална со 20 места

Со развојот на лабораториите за практична настава за студентите и за научните истражувања на членовите вработени на Институтот се следи организационата поставеност на Институтот за физика. Имено, на Институтот се развиле и сега функционираат лаборатории кои третираат различни области од физиката:

1. Лабораторија за електрично карактеризирање на материјалите,
2. Лабораторија за тенки филмови,
3. Лабораторија за вакуумско напарување,
4. Лабораторија за CSI и криминалистика
5. Лабораторија за медицинска физика
6. Лабораторија за холографија
7. Лабораторија за рентгенски зраци
8. Лабораторија за биофизика (електрооптика на дисперзни системи)
9. Лабораторија за методика на школско експериментирање

Покрај тесно насочените научно-истражувачки лаборатории, Институтот располага и со редица лаборатории за наставна дејност, кои се исто така тесно специјализирани:

1. Лабораторија за механика и молекуларна физика со термодинамика
2. Лабораторија за електромагнетизам
3. Лабораторија за оптика
4. Лабораторија за атомска физика
5. Лабораторија за нуклеарна физика
6. Лабораторија за спектроскопија
7. Лабораторија за електроника
8. Лабораторија за мерења во физиката
9. Лабораторија за електрично карактеризирање на материјалите
10. Лабораторија за тенки филмови
12. Лабораторија за CSI и криминалистика
13. Лабораторија за електронска микроскопија
14. Три лаборатории за општа физика
15. Фотолабораторија

## 15. Листа на опрема предвидена за реализација на студиската програма

Сите амфитеатри, предавални и вежбални се комплетно опремени со основни наставни помагала. Во сите амфитеатри и предавални се поставени табли за пишување, компјутер (поврзан на интернет), видеобим, платно за проекција, а по потреба може да се користат и графоскоп и слајд-проектор. Лабораториите се опремени со соодветни лабораториски маси, табли за пишување, компјутери, а по потреба може да се користат и видеобим, графоскоп, слајдпроектор, нагледни цртежи.

Институтот за физика располага со библиотека со 10 000 наслови и 4 076 списанија. Библиотеката има читална со 20 места.

Лабораториите опишани во точката 14, располагаат со основната опрема за изведување на современи и значајни истражувања од посебните научно-истражувачки области. Потребно е да се нагласи дека не престануваат напорите на членовите на Институтот за осовременување на лабораториите со современи апарати и со воведување на нови методи.

**1. Лабораторија за мерења во физиката**

- Апаратура за X-зраци
- Осцилоскопи
- Мултиметри
- Разни типови стабилизирани исрпавувачи
- Функциски генератори
- Стробоскоп
- Реглер трансформатор
- Луксметри
- Ехоскоп

**2. Лабораторија за електрично карактеризирање на материјалите**

- Стабилизирани исправувачи и извори
- Разни типови мултиметри
- LCR-метар
- Пикоамперметар
- Микроскоп
- Тест печка
- Температурен регулатор
- Реглер трансформатор
- Ќелија за диелектрични константни на течности
- Температурен мост
- Мултифлекс галванометар
- Разни стандардни отпори
- Вестонова стандардна ќелија
- Мерен мост
- Стандарден капацитет

**3. Лабораторијата по спектроскопија**

- Повеќе типови стилоскопи
- Дифракционен монохроматор
- Дигитален радиометар
- Спектрофотометар UNICAM PYE SP 300
- Спектрограф со призма
- Спектроскоп FUESS
- Интегрална сфера INS 250
- Микрофотометар FR 300 Hillger Watts

**4. Лабораторија за тенки филмови**

- Стерилизитарот
- Комплет опрема за нанесување тенки филмови

**5. Лабораторија за вакуумско напарување**

- Спектрофотометар Beckman DU-2
- Апаратура за добивање филмови со магнетрон
- Апаратура за мерење на термичката ширина на забранетата зона
- Апаратура за вакуумско напарување BALZERS со вграден DC магнетрон
- JEOL Дифрактометар за X-зраци, дигитализиран со компјутер
- Програмибилна печка за термички третмани на обрасци

**6. Лабораторија за практични вежби од општа физика**

- Комплет опрема за изведување експерименталнио вежби од општа физика

**7. Лабораторија за CSI и криминалистика**

- Компаративен микроскоп со веб-камера, компјутер и софтвер
- Триокуларен микроскоп со CCD –камера, компјутер и софтвер
- Дигитален портабилен спектроскоп за видлива светлина
- Цијаноакрилатна комора
- Дигитализиран анализатор со видлива светлина за анализа на документи и банкноти со компјутер и софтвер
- Електростатска машина за анализа на втиснато пишување и отпечатоци на документи
- Елипсометар со монохроматска светлина
- Дигитална камера со триножец и статив со форензичка светлина
- Комплет од форензички светла (видливи и UV) со голем интензитет и заштитни очила
- Комплет за анализа на траги од крв со гониометар
- Електростатско апаратче за подигање на траги од стапала
- Софтвери за балистика
- Софтвери за форензичка аудио-анализа

**8. Лабораторија за електронска микроскопија**

- Дигитализиран скенирачки електронски микроскоп JEOL.
- Вакуумска апаратура за депозиција на јаглен (за подготовка на примероците)

**9. Лабораторија за нуклеарна физика**

Подвижна опрема за XRF –флуоресценција на X-зраци (ренггенска цевка и детектор, компјутер и софтвер)

**10. Лабораторија за методика на школско експериментирање во наставата по физика**

Лабораторијата е опремена со дидактичка опрема за сите области на физиката, како и со компјутери со специјален едукативен софтвер.

## 16. Предметни програми

Предметните програми со информации согласно Правилникот за задолжителните компоненти кои треба да ги поседуваат студиските програми од првиот, вториот и третиот циклус на студии (Службен весник бр.25/11) се дадени во Прилог 3 од овој Елаборат. Во Прилог 3.1 се дадени задолжителните предмети, а во Прилог 3.2 се дадени изборните предмети.

## 17. Список на наставен кадар

Во Прилог 4 се дадени податоците за наставниот кадар кој е ангажиран во реализација на студиската програма.

17.1 Редовни професори

1. проф. д-р Ненад Новковски – наставник за група предмети од физика на кондензирана материја. Област на научен интерес: физика на кондензирана материја.

2. проф. д-р Мимоза Ристова - наставник за група предмети од физика на кондензирана материја и форензичка физика. Областа на научен интерес: физика на кондензирана материја.

3. проф. д-р Маргарета Пецовска – Ѓорѓевиќ – наставник за група предмети од областа на биофизика и општа физика Област на научен интерес: физика на кондензирана материја.

4. проф. д-р Атанас Танушевски - наставник за група предмети од електромагнетизам и општа физика. Област на научен интерес: физика на цврсто тело.

17.2. Вонредни професори

1. проф. д-р Александар Скепаровски - наставник за група предмети од физика на кондензирана материја и општа физика. Област на научен интерес: физика на кондензирана материја.

## 18. Изјава од наставникот за давање согласност за учество во изведување на наставата по одредени предмети од студиската програма.

Комплетната настава на студиските програми од вториот циклус се покрива со наставници од Природно-математичкиот факултет.

## 19. Согласност од високообразовната институција за учество на наставникот во реализацијата на студиската програма

Комплетната настава на студиските програми од вториот циклус се покрива со наставници од Природно-математичкиот факултет.

## 20. Информација за бројот на студенти за запишување во првата година на студиската програма

Во учебната 2012/13 година се предвидува да се запишат по 10 студенти со кофинансирање на секоја од студиските програми.

| Студиска програма | Број на редовни студенти со кофинансирање | Број на вонредни студенти |
|---|---|---|
| Сончева енергија | 10 | 0 |

## 21. Информација за обезбедена задолжителна и дополнителна литература

Институтот за физика располага со богата библиотека со 10.000 наслови и 4.076 научни списанија. За сите предмети е обезбедена комплетна задолжителна литература (учебници, практикуми и интерни скрипти), како и дополнителна препорачана литература која им е достапна на студентите во рамките на библиотеката. Списокот на наслови е даден во описот на предметните програми во Прилог 3.

За пребарување литература во функција на совладување на содржините од наставните програми на студентите на располагање им стои компјутерска лабораторија со можност за пребарување на интернет и различни бази на податоци до кои Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ има достап.

## 22. Информација за веб страница

На студентите им се на достап сите информации во електронска форма на веб страницата на институтот https://if.pmf.ukim.edu.mk.

## 23. Стручниот односно научниот назив со кој се стекнува студентот по завршување на студиската програма

23.1 Сончева енергија

Стручен назив: Магистер по физички науки – Сончева енергија
Стручен назив на англиски: MSc in Physics – Solar Energy

## 24. Додаток на диплома

Бр.диплома:

| **1. Податоци за носителот на дипломата** | |
|---|---|
| 1.1. Име | |
| 1.2. Презиме | |
| 1.3. Датум на раѓање, место и држава на раѓање | |
| 1.4. Матичен број | |
| **2. Податоци за стекнатата квалификација** | |
| 2.1. Датум на издавање | |
| 2.2. Назив на квалификацијата | Магистер по физички науки – Сончева енергија |

| | |
|---|---|
| 2.3. Име на студиската програма, односно главно студиско подрачје, поле и област на студиите | Име: Физика – Сончева енергија<br>Подрачје: природно-математички науки<br>Поле: физика<br>Област: 10309 Физика на кондензирана материја, 10312 екпериметална физика |
| 2.4. Име и статус на високообразовната/научната установа која ја издава дипломата | Универзитет„ Св.Кирил и Методиј", Природно-математички факултет, Скопје. Решение за акредитација од Одборот за акредитација-Сончева енергија, Сл. 12-79/4 од 25.2.2016 год. и Решение за почеток со работа од МОН бр. 14-661 од 2.9.2016 год. |
| 2.5. Име и статус на високообразовната/научната установа (доколку е различна) која ја администрира дипломата | Природно-математички факултет |
| 2.6. Јазик на наставата | Македонски јазик |
| **3. Податоци за степен (циклус) на квалификацијата** | |
| 3.1. Вид на квалификацијата (академски/стручни студии) | академски студии |
| 3.2. Степен (циклус ) на квалификацијата | Втор циклус |
| 3.3. Траење на студиската програма: години и ЕКТС кредити | 1 година / 2 семестри / 60 кредити |
| 3.4. Услови за запишување на студиската програма | На студиските програми од втор циклус на универзитетските студии може да се запише лице кое завршило соодветни студиски програми од прв циклус, или студенти со завршени додипломски студии, во согласност со Преодните и завршните одредби на законот за високото образование. Универзитетот и неговите единици, одлучуваат кои студии се соодветни за запишување на одделни студиски програми, како и условите за запишување на кандидатите кои имаат завршено други студиски програми. Право на запишување на вториот циклус студии по физика-сончева енергија имаат кандидатите со завршен прв циклус студии по:<br>- физика-сите насоки и<br>- двопредметни студии, каде што еден од модулите е физика: математика-физика, физика-хемија, физика-биологија, физика-информатика. |
| **4. Податоци за содржините и постигнатите резултати** | |
| 4.1. Начин на студирање (редовни, вонредни) | Редовен / вонреден |
| 4.2. Барања и резултати на студиската програма | Студиите се целосно реализирани и завршуваат со успешно положени најмалку 5 испити, освоени најмалку 60 кредити, изработен и одбранет магистерски труд.<br>**Знаење и вештини**: Магистерот по Физички науки- сончева енергија ќе биде оспособен за:<br>· мерења на фотометриски карактеристики на сончевото зрачење во индустриски и домашни услови.<br>· мерења на оптички карактеристики на материјалите,<br>· мерења на електричната спроводливост на материјалите,<br>· мерења на фотоелектричните карактеристики на материјалите,<br>· калибрација на инструментите кои служат за мерења на: фотометриски, оптички, електрични и фотоелектрични карактеристики,<br>· дизајнирање и утврдување на точноста на инструментите,<br>· проценка и инсталирање на рамни колектори за топла вода, во индустријата, јавните установи и домови<br>· проценка и инсталирање на сончеви фотоволтаични колектори за електрична енергија, во индустријата, јавните установи и домови<br>· работа во научно-истражувачки центри<br>· работа во научно-истражувачки лаборатории кои вршат истражувања на материјали и уреди за конверзија на сончевата енергија<br>Подетални информации на веб страната: www.pmf.ukim.edu.mk |

| | |
|---|---|
| 4.3. Податоци за студиската програма (насока, модул, оценки, ЕКТС кредити)[1] | Видете го приложеното Уверение за положени испити и целосно реализирана студиска програма<br>Студентот изработил и одбранил магистерски труд на тема:<br><br>Ментор: |
| 4.4. Систем на оценување (шема на оценки и критериуми за добивање на оценките) | Критериуми:<br>• Постигнати резултати на прв и втор колоквиум / испит<br>• Присуство и активност на предавања и вежби<br>• Учество на проект или изработка на стручен труд<br>Оценката 5 (пет) е негативнаоценка<br><br>до 50 бода — 5 — пет — F<br>од 51-60 бодови — 6 — шест — E<br>од 61-70 бодови — 7 — седум — D<br>од 71-80 бодови — 8 — осум — C<br>од 81-90 бодови — 9 — девет — B<br>од 91-100бодови — 10 — десет — A |
| 4.5. Просечна оценка во текот на студиите | |
| **5. Податоци за користење на квалификацијата** | |
| 5.1. Пристап до понатамошни студии | Студентот може да продолжи со студии на трет циклус студии |
| 5.2. Професионален статус (ако е применливо) | Со завршувањето на оваа студиска програма, студентите не добиваат професионален статус. |
| **6. Дополнителни информации** | |
| 6.1. Дополнителни информации за студентот | |
| 6.2. Дополнителни информации за високообразовната установа | Природно-математички факултет<br>ул. "Архимедова" бр.3, 1000 Скопје<br>Тел. ++389 (2) 3119 279<br>e-mail: pmf@pmf.ukim.mk<br>web: www.pmf.ukim.edu.mk |
| **7. Заверка на додатокот на дипломата** | |
| 7.1. Датум и место | 16.12.2020, Скопје |
| 7.2. Име и потпис | Проф. д-р Александар Скепаровски Проф. д-р Никола Јанкуловски |
| 7.3. Функција на потписникот | декан ректор |
| 7.4. Печат | печат на единицата печат на УКИМ |

[1]Додаток на 4.3 е Уверението за положени испити

## 25. Активности и механизми преку кои се развива и одржува квалитетот на наставата

Мониторинг и контрола на квалитетот на студиите на ПМФ се обезбедува на повеќе нивоа. На поодделните институти организација на студиите и нивна контрола спроведуваат раководителите на институтите и координаторите на заводите. На Факултетот постои комисија за студентски молби и барања и наставна комисија. Покрај тоа, за квалитетот на студиите се грижат деканот и продеканот за настава. По завршувањето на секој семестар, раководителите на институтите спроведуваат анонимна студентска анкета, а таква анкета спроведува и продеканот за настава на крајот на секоја учебна година. Некои наставници спроведуваат анкети за своите предмети. Покрај тоа, факултетот спроведува и самоевелуација, а спроведувана е и надворешна евалуација.

Институтот за физика постојано спроведува активности за подобрување на квалитетот на наставата преку набавка на нагледни средства и опрема за изведување на практичната и теоретската настава. Наставно-научниот и соработничкиот кадар на Институтот континуирано ги следи препораките и современите трендови, како во Европа, така и во светот.

За квалитетот на вториот циклус студии на Институтот за физика одговараат и вршат контрола Раководителот на Институтот, Деканот и Продеканот за настава на Природно-математичкиот факултет. Раководителот на вториот циклус студии по физика, заедно со одговорните наставници по студиските програми се во постојан контакт со студентите и се задолжени да им помогнат во исполнување на сите формално-административни обврски во текот на студирањето, како и да им помогнат во насочувањето на студиите во согласност со можностите и интересите на кандидатите. Институтот ќе организира анонимни анкети на семестрално или годишно ниво со помош на кои ќе се изврши самоевалуација и на кој начин сознанијата од овие анкети ќе овозможат подобрување на наставно-едукативниот процес. Квалитетот на студиските програми на Институтот ќе се обезбедува преку следењето и континуираната проверка на поставените цели и структурата на дадената студиска група како и преку следење и контрола на работното оптеретување на студентите, преку постојано осовременување на наставата и континуирано прибирање на информации за квалитетот на наставата од работодавачите и организациите во кои се вработуваат нашите дипломирани студенти. Институтот за физика постојано ќе врши контрола на поставените цели на студиските програми, нивната реализација, нивото на знаења и стручност на студентите по нивното завршување на студиите како и можноста за нивно за вработување и понатамошно школување.

25.1 Резултати од изведената самоевалуација

| | |
|---|---|
| Внатрешни механизми за обезбедување и контрола на квалитетот на студиите | Мониторинг и контрола на квалитетот на студиите на ПМФ се обезбедува на повеќе нивоа. На поодделните институти организација на студиите и нивна контрола спроведуваат раководителите на институтите и координаторите на заводите. На Факултетот постои комисија за студентски молби и барања и наставна комисија. Покрај тоа, за квалитетот на студиите се грижат деканот и продеканот за настава. По завршувањето на секој семестар, раководителите на институтите спроведуваат анонимна студентска анкета, а таква анкета спроведува и продеканот за настава на крајот на секоја учебна година. Некои наставници спроведуваат анкети за своите предмети. Покрај тоа, факултетот спроведува и самоевелуација, а спроведувана е и надворешна евалуација. |
| Фреквенција на самоевалуациониот процес (секоја година, на две години, на три години) | Согласно Статутот на УКИМ член 347 самоевалуацијата се спроведува на интервали од најмногу 3 години. Самоевалуациониот процес се врши врз основа на Упатството за самоевалуација и обезбедување и оценување на квалитетот на единиците на Универзитетот, донесено од Универзитетскиот сенат (9 седница/30.04.2013).<br><br>Последната спроведена самоевалуација на ПМФ за периодот 2016-2018 година е на следниот линк: https://drive.google.com/file/d/1zqge-HxMpmCPv3-llRGIrxse6qGCRid2/view. |
| Податоци за последната спроведена надворешна евалуација на установата | Последната надворешна евалуација на ПМФ е спроведена во 2018 година во рамките на надворешната евалуацијата на УКИМ, а од Агенцијата за евалуација на високото образование на Република Македонија, надворешна евалуација на ПМФ е спроведена во 2004 год.<br><br>Линк за последната евалуација на Природно-математички факултет е https://drive.google.com/file/d/1zqge-HxMpmCPv3-llRGIrxse6qGCRid2/view. |

| | |
|---|---|
| Други податоци кои установата сака да ги наведе како аргумент за нејзината успешност | Природно-математичкиот факултет при Универзитетот „Свети Кирил и Методиј“ во Скопје е водечка академска институција според мериторни критериуми за евалуација засновани на бројноста на објавени научни трудови во земјата и во странство. Околу 30% од сите публикации во списанија со фактор на влијание објавени од автори од Р. Македонија, припаѓаат на трудовите објавени од научниот кадар на ПМФ. Според анализата направена на почетокот на 2015 година врз основа на базата SCOPUS, научниот кадар на ПМФ објавил повеќе од 2000 публикации цитирани од оваа база (која е една од најрелевантните бази за анализа на научната публицистика).<br><br>Во програмата на УКИМ за избор на најдобри научници, ПМФ има свои претставници секоја година. Покрај тоа, дел од научниот кадар на ПМФ е носител на престижни државни награди, како што се, на пример, наградата Гоце Делчев и наградата за најдобар научник на Претседателот на Р. Македонија, потоа, награди на УКИМ, како што се наградата „Св. Кирил и Методиј“ и плакети за заслуги, потоа наградата на МАНУ за најдобар млад научник итн. |

# П Р И Л О Г 1

Одлука за усвојување на студиската програма од Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет во Скопје

Република Северна Македонија
Универзитет "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
ПРИРОДНО МАТЕМАТИЧКИ ФАКУЛТЕТ
Бр. 02-2015/2
29.12. 2020 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 110, став 1, точка 6, а во врска со член 145 од Законот за високото образование („Сл. весник на РМ" бр. 82/2018) и член 68, став 1, точка 6 од Статутот на Природно-математичкиот факултет – Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје („Универзитетски гласник" бр. 464/2019), Наставно-научниот совет на Природно-математички факултет – Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, на седницата одржана со средства за електронска комуникација на 18.12.2020 година, по предлог од Институтот за физика при Факултетот, бр. 02-2015/1 од 15.12.2020 година, донесе

О Д Л У К А

1. Се усвојува предлогот на Институтот за физика при Факултетот.
2. Се предлага Сенатот на Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, да го усвои Предлог-проектот за измени, дополнувања и реакредитација на студиски програми на втор циклус студии по физика и тоа:
- Методика на наставата по физика;
- Применета физика;
- Теориска физика;
- Астрономија и астрофизика;
- Медицинска физика и
- Сончева енергија.
3. Предлог-Проектот од точка 2 на оваа одлука да се достави на усвојување до Сенатот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.
4. Одлуката стапува во сила со денот на нејзиното донесување.

О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Наставно-научниот совет, на Природно-математички факултет – Скопје, на седницата одржана одржана со средства за електронска комуникација на 18.12.2020 година, постапувајќи по предлогот на Институтот за физика при Факултетот, заради измени, дополнувања и реакредитација на студиски програми на втор циклус студии по физика: Методика на наставата по физика, Применета физика, Теориска физика, Астрономија и астрофизика, Медицинска физика и Сончева енергија, врз основа на член 110, став 1, точка 6, а во врска со член 145 од Законот за високото образование („Сл. весник на РМ" бр. 82/2018) и член 68, став 1, точка 6 од Статутот на Природно-математичкиот факултет – Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје („Универзитетски гласник" бр. 464/2019), донесе одлука како во диспозитивот.

в.д. Д Е К А Н

Проф. д-р Валентин Мирчески

ДОСТАВЕНО ДО:
- Архивата;
- Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје;
- Институтот;
- Раководителот на Институтот за физика при Факултетот;
- Одделението за студентски прашања;
- Секретарот на Факултетот и
- Раководителот на Одделението за општи и правни работи и библиотечно работење.

Одлуката од Одборот за соработка и доверба со јавноста на студиската програма на Институтот за физика на Природно-математичкиот факултет во Скопје

**ИЗВЕШТАЈ ОД LV СЕДНИЦА НА ОДБОРОТ ЗА СОРАБОТКА И ДОВЕРБА СО ЈАВНОСТА НА ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ, ОДРЖАНА НА 21.12.2020 ГОДИНА**

Седницата се одржа на 21 декември 2020 година во електонска форма со опциите Reply и Reply to all, заради потребата за примена на мерки за справување со коронавирусот и безбедно одржување. Поканата за состанок со предлог-дневниот ред и материјалите за седницата беа пратени по е-пошта до сите (7) членови од Одборот. Притоа, во врска со предложениот дневен ред позитивно се изјаснија и дадоа позитивно мислење по сите точки мнозинство ченови од Одборот, т.е. следните петмина членови (5): проф. д-р Виктор Стефов, д-р Ѓорѓи Петрушевски, г-н Владо Блажевски, проф. д-р Наце Стојанов и проф. д-р Весна Целакоска-Јорданова (нејзината изјава е своерачно потпишана). Во врска со предложениот дневен ред не се изјаснија проф. д-р Весна Петреска и г-н Дејан Анѓеловски. Доставен е материјал за првите шест точки од предлог-дневниот ред, а материјалот од електронското изјаснување и своерачно потпишаната изјава на претседателот на Одборот, се составен дел на Извештајот од оваа седница и се наоѓаат во Архивата на Факултетот.

Во Одборот сè уште не се назначени: претставник од Собранието на Република Северна Македонија и претставник од Агенцијата за планирање на просторот.

Република Северна Македонија
УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
ПРИРОДНО МАТЕМАТИЧКИ ФАКУЛТЕТ
СКОПЈЕ
Примено: 29.12.2020
Орг.един. Број Прилог Вредност
02-2149/1

За редовната LV седница беше предложен на усвојување следниов:

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Усвојување на Извештајот од LIV седница на Одборот одржана на 27.11.2020 година.
2. Давање мислење за Предлог-проектот за измени, дополнувања и реакредитација на студиските програми од **вториот циклус студии по физика**:
   - **методика на наставата по физика**,
   - **применета физика**,
   - **теориска физика**,
   - **астрономија и астрофизика**,
   - **медицинска физика** и
   - **сончева енергија**.
3. Давање мислење за Предлог-проектот за измени, дополнувања и реакредитација на студиската програма на **трет циклус академски студии (докторски студии) по физика**.
4. Давање мислење за учество во научно-истражувачки НАТО проект, под наслов:

   А. "DEVELOPMENT OF SMART DRESSINGS FOR MULTIMODAL WOUND TREATMENT / РАЗВОЈ НА ПАМЕТНИ ПРЕКРИВКИ СО РАЗЛИЧНИ ДЕЈСТВА ЗА ТРЕТМАН НА РАНИ", на проф. д-р Билјана Миова, на предлог на Институтот за биологија при Факултетот.

   Б. "DEVELOPMENT OF SMART DRESSINGS FOR MULTIMODAL WOUND TREATMENT / РАЗВОЈ НА ПАМЕТНИ ПРЕКРИВКИ СО РАЗЛИЧНИ ДЕЈСТВА ЗА ТРЕТМАН НА РАНИ", на проф. д-р Петре Макрески, како кодиректор во истиот, на предлог на Институтот за хемија при Факултетот.
5. Давање мислење за одржување Петти семинар „МАТЕМАТИКА И ПРИМЕНИ", во текот на месец март 2021 година, на предлог на Институтот за математика при Факултетот.
6. Донесување мислење за за склучување Меморандум за соработка помеѓу Институтот за географија при Факултетот и ИКС – Скопје, на предлог на Институтот за географија при Факултетот.
7. Давање мислење за одобрување студиски престој на Татјана Стаценко од Универзитетот ИТМО, Санкт Петербург, Руска Федерација, во периодот од 15 јануари до 28 февруари 2021 година, на Институтот за хемија при Факултетот.

ТОЧКА 1

Извештајот од LIV седница на Одборот одржана на 27.11.2020 година беше едногласно усвоен.

# П Р И Л О Г 2

Одлуката од Универзитетскиот сенат на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ –Скопје

**Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје**
**Ss. Cyril and MethodiusUniversity in Skopje**

**Одлука од УС**
Ознака: **ОБ 5.5/13**
Страна: 1 од1

Република Северна Македонија
Универзитет "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
ПРИРОДНО МАТЕМАТИЧКИ ФАКУЛТЕТ
СКОПЈЕ

| Примено: | 17-2-2021 | | |
|---|---|---|---|
| Орг.един. | Број | Прилог | Вредност |
| 02 | 2015/10 | | |

Бр. 02-137/31
22.1.2021 год.
Скопје

Врз основа на член 94, став 1, точка 3 од Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр. 82/2018), член 157, став 1, точка 8 од Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Мислењето на Ректорската управа и по предлог на Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет, Универзитетскиот сенат на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на 7.седница одржана на 29.1.2021 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за усвојување на Проектот за повторна акредитација на студиската програма од втор циклус студии – *сончева енергија*, на Природно-математичкиот факултет во Скопје**

**Член 1**

Универзитетскиот сенат го усвојува **Проектот за повторна акредитација на студиската програма од втор циклус студии – *сончева енергија*, на Природно-математичкиот факултет во Скопје.**

**Член 2**

Наставата од студиската програма **од втор циклус студии – *сончева енергија*,** ќе започне да се изведува по добивањето согласност од Одборот за акредитација на високото образование и по добивањето согласност за исполнување на условите за почеток со работа на студиската програма од страна на Агенцијата за квалитет на високото образование на Република Северна Македонија.

**Член 3**

Универзитетскиот сенат го упатува проектот од член 1 на оваа Одлука до Одборот за акредитација на високото образование на натамошна постапка за акредитација, односно повторна акредитација.

**Член 4**

Оваа Одлука стапува во сила со нејзиното донесување и ќе се објави во *Универзитетски гласник.*

**Претседател на Универзитетскиот сенат**

**Проф. д-р Анета Баракоска**

**Доставено до:**
**- ПМФ**
**- Одборот за акредитација на високото образование**

# П Р И Л О Г 3

# Предметни програми

Прилог 3.1 Задолжителни предмети

| **Прилог бр. 3** | **Предметна програма од втор циклус на студии** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Наслов на наставниот предмет | Сончево зрачење | | | |
| 2. | Код | 2Ф44-21 | | | |
| 3. | Студиска програма | Сончева енергија | | | |
| 4. | Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел) | Институт за Физика, ПМФ, Универзитет "Св. Кирил и Методиј", Скопје | | | |
| 5. | Степен (прв, втор, трет циклус) | Втор | | | |
| 6. | Академска година/семестар | 5/зимски | 7. | Број на ЕКТС кредити | 6 |
| 8. | Наставник | Проф. д-р Маргарета Пецовска Ѓорѓевиќ | | | |
| 9. | Предуслови за запишување на предметот | нема | | | |
| 10. | Цели на предметната програма (компетенции):<br>Знаење на физичките енергетски величини на зрачењето и законитостите и параметрите на сончевото зрачење. Умеење да се направат пресметки во врска со интензитетот на сончевото зрачење при зададени услови. Соларно следење на колекторот според географските координати и датумот. | | | | |
| 11. | Содржина на предметната програма:<br>1. Историска еволуција на потребите од енергија<br>2. Споредба на енергетските извори.<br>3. Местото на сончевата енергија во класичните и "нови" извори на енергија<br>4. Енергетска анализа на Сонцето како ѕвезда. Влијание на сончевата активност врз Земјата и нејзината околина.<br>5. Потсетување за зрачењата (енергетски физички величини, однесување на материјалите кон зрачењето, законите за црното тело, реални тела, заклучоци за полезните параметри)<br>6. Зрачење на ниво на морето (астрономски параметри, геофизички параметри, директно-дифузно и глобално зрачење, радијативни и термички биланси на Земјата)<br>7. Апарати за мерење на сончевото зрачење;<br>8. Одредување на сончевиот флукс на една површина (со дневни, месечни и годишни варијации) и елементи на статистичка анализа;<br>9. Привидно движење на Сонцето (кординати, трансформации на координатите)<br>10.Ефект на стаклена градина | | | | |
| 12. | Методи на учење: Следење на настава и изработка на лабораториските вежби. | | | | |
| 13. | Вкупен расположив фонд на време | 180 часови | | | |
| 14. | Распределба на расположивото време | 90 контактни и 90 неконтактни часови | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 15. | Форми на наставните активности | 15.1 | Предавања-теоретска настава | 45 часа |
| | | 15.2 | Вежби (лабораториски, аудиториски), семинари, тимска работа | 45 часа |
| 16. | Други форми на активности | 16.1 | Проектни задачи | 10 часа |
| | | 16.2 | Самостојни задачи | 10 часа |
| | | 16.3 | Домашно учење | 70 часа |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 17. | Начин на оценување | | |
| | 17.1. | Тестови | Два теста секој по 100 бода (50 % од оценката) (минимум 60 бода, секој) |
| | 17.2. | Семинарска работа/проект (презентација:писмена и усна) | 40% од оценката (минимум една семинарска/елаборат) |
| | 17.3. | Активност и учество | 10% од оценката |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 18. | Критериуми за оценување (бодови/оценка) | до 50 бода | 5 (пет) (F) |
| | | од 51 до 60 бода | 6 (шест) (E) |
| | | од 61 до 70 бода | 7 (седум) (D) |
| | | од 71 до 80 бода | 8 (осум) (C) |
| | | од 81 до 90 бода | 9 (девет) (B) |
| | | од 91 до 100 бода | 10(десет) (A) |
| 19. | Услови за потпис и полагање на завршен испит | Изработена семинарска/проект | |
| 20. | Јазик на кој се изведува наставата | Македонски | |
| 21 | Метод на следење на квалитетот на наставата | Анкета за самоевалуација | |

22. Литература

Задолжителна литература

| 22.1 | Ред.број | Автор | Наслов | Издавач | Година |
|---|---|---|---|---|---|
| | 1. | Godfrey Boyle | Renewable energy: Power for sustainable future | Oxford University Press | 2012 |
| | 2. | John A. Duffie, Willam A. Beckman | Solar Engineering of Thermal Processes | John Wiley&Sons, | 1980 |
| | 3. | Aden B. Meinel, Marjorie P. Meinel | Applied Solar Energy: An Introduction | Addison-Wesley | 1976 |

22.2 Дополнителна литература

| Ред.број | Автор | Наслов | Издавач | Година |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Ed.H.Hartunen et all | Fundamental Astronomy | Springer Verlag | 2007 |
| 2. | K. Jager, O.Isabella et all | Solar energy: Fundametals, Technology and systems | Delft University of technology | 2014 |

| **Прилог бр. 3** | **Предметна програма од втор циклус на студии** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Наслов на наставниот предмет | Фототермички и фотоелектрични својства на материјалите | | | |
| 2. | Код | 2Ф45-21 | | | |
| 3. | Студиска програма | Сончева енергија | | | |
| 4. | Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел) | Институт за Физика, ПМФ, Универзитет "Св. Кирил и Методиј", Скопје | | | |
| 5. | Степен (прв, втор, трет циклус) | Втор | | | |
| 6. | Академска година/семестар | 5/зимски | 7. | Број на ЕКТС кредити | 6 |
| 8. | Наставник | Проф. д-р Мимоза Ристова | | | |
| 9. | Предуслови за запишување на предметот | нема | | | |
| 10. | Цели на предметната програма (компетенции):<br>1. Добивање на знаења за оптичките карактеристики на материјалите.<br>2. Добивање на знаења за видот на спроводливоста, определување на некои електрични параметри на материјалите и проучување на процесите на фотоспроводливоста. определување на времето на живот на ностителите и видот на фотоспроводливоста.<br>3. Добивање на знаења за процесите и феномените што се јавуваат при фотоспроводливоста. добивање на полуспроводници погодни за фоволтаични ќелии и конструкција на сончеви ќелии. Исто така, од теориските основи и испитувањето на својствата на сончевите ќелии, се добиваат сознанија за нивната ефикасност. | | | | |
| 11. | Содржина на предметната програма:<br>**Фундементални оптички карактеристики на материјалите**<br>• Структура на тврди тела<br>• Енергетски нивои на електронот во тврдо тело<br>• Оптички феномени во тврдите тела<br>• Материјали за апсорпција на светлината<br>• Класификација на оптичките процеси<br>• Генерација на фотоносители<br>• Оптички коефициенти<br>• Индекс на прекршување и диелектрична константа<br>• Оптичка апсорпција<br>• Апсорпција на зрачењето при меѓузонски директни премини<br>• Апсорпција на зрачењето при индиректни премини<br>• Оптика на тенки филмови<br>• Оптички материјали<br><br>**Фотоспроводливост**<br>• Квантна ефикасност на фотоспроводливоста<br>• Генерација на нерамнотежни носители на полнеж<br>• Просторна распределба на нерамнотежни носители на полнеж нерамнотежни носители на полнеж<br>• Линеарна рекомбинација на носители на полнеж<br>• Квадратна рекомбинација на носители на полнеж<br>• Фотоспроводливост на сопствените носители на полнеж<br>• Фотоспроводливост на примесните носители на полнеж<br>• Хомогена фотоспроводливост<br>• Нехомогена фотоспроводливост<br>• Време на одзив на фотоспроводливоста<br>• Спектрална осетливост на фотоспроводливоста<br>• Фотоосетливост<br><br>**Време на живот на носителите и нивна релаксација** | | | | |

| | |
|---|---|
| | • Време на живот на носителите<br>• Релаксација на носителите<br>• Степен и ефикасен пресек на рекомбинација<br>• Кинетика на рекомбинационите процеси<br>• Рекомбинација безучество на рекомбинациони центри и стапици<br>**Вовед и потсетување за фотоефектот**<br>• Функционирање на p-n контакт<br>• Фотоволтаична конверзија |
| 12. | Методи на учење: Следење на настава и изработка на лабораториските вежби. |
| 13. | Вкупен расположив фонд на време: 180 часа |
| 14. | Распределба на расположивото време: 90+90 часа |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 15. | Форми на наставните активности | 15.1 | Предавања-теоретска настава | 45 часа |
| | | 15.2 | Вежби (лабораториски, аудиториски), семинари, тимска работа | 45 часа |
| 16. | Други форми на активности | 16.1 | Проектни задачи | 15 часа |
| | | 16.2 | Самостојни задачи | 30 часа |
| | | 16.3 | Домашно учење | 45 часа |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 17. | Начин на оценување | | |
| | 17.1. | Тестови | 60 бодови |
| | 17.2. | Семинарска работа/проект (презентација:писмена и усна) | 30 бодови |
